**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-5457/2**

## З А П И С Н И К

**Од 97-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 10.10.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Гајур Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска, Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи .

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-Заменик на директорот на МРТ и Горан Атанасов-Директор на заеднички служби и администрација.

Седницата започна во 10:45 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 96-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Информација од Директорот на МРТ за Ребалансот на буџетот и писмото од Одговорните уредници во МТВ.

3. Информација од Директорот на МРТ во врска со објавата на Предлог годишната програма за работа на МРТ за 2020 година на ВЕБ страната на МРТ.

4. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 96-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 96-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 96-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 96-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Информација од Директорот на МРТ за Ребалансот на буџетот и писмото од Одговорните уредници во МТВ.**
Во прилог на оваа точка пред присутните беше доставена Информација од Директорот на МРТ која во прилог содржеше и цела пропратна документација од коресподенцијата како со Министерството за информатичко општество и администрација така и со Министерството за финанасии и барањата испратени до истите од страна на ЈРП МРТ.
Снежана Клинчарова дополни дека целата во целата преписка МРТ ги искористила сите свои можности,но дека недостасува псимото од Одговорните уредници кое беше побарано да се достави до Програмскиот совет доколку е напишано.
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија се надоврза дека во дописот кој ќе го изготви Програмскиот совет за да има подобар ефект мора да бидат содржани и дописот од Минстерството за финансии на РМ во кое се вели дека не даваат финансиски средства на МРТ од оние кој и следуваат по новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,како и тоа од Министерството за информатичко општество и администрација со кое не даваат согласност на Правлиникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ.
Снежана Клинчарова даде свое видување што се треба да содржи псимото и рамка во која треба да се движи текстот на истото како најдобро би го постигнало ефектот кој се бара,и во контекст на тоа Клинчарова пред присутните достави и еклузивен примерок Програма за работа на Радио Телевизија-Скопје за 1990 година која како што кажа самата во тоа време била доставена и до граѓаните на Македонија.Во продолжение Клинчарова дополни дека од истата се гледа дека во тоа време имало наплата од 98% по основ на РДТ, а сега со Буџетско финансирање не може да се дојде ни до наплата на договорениот процент кој е законски определен,согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и токму затоа начинот на финансирање преку наплата на РДТ се покажува како многу поефикасен од буџетското финансирање.
Претседателката на советот предложи заедно со уште еден или двајца членови на советот да го изготват дописот и да го достават по елоктронски пат до останатите членови на советот на разгледување и доколку некој од членовите на советот има забелешки и корекции да ги достави исто по елкетронски пат, за да може најкасно до 15.10.2019 г. истото да добие финална верзија и да биде објавено на програмите на МТВ,како и да биде испратено до сите медиуми и новински агенции во државата.
Предлогот на Претседателката на Програмскиот совет беше едногласно усвоен од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Информација од Директорот на МРТ во врска со објавата на Предлог годишната програма за работа на МРТ за 2020 година на ВЕБ страната на МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Горан Атанасов директор на заеднички служби и администрација кој објасни дека по однос на објавувањето на Предлог програмта за работа на МРТ за 2020 година на МРТ години уназад е иста процедура и истото е исполнето и оваа година како и испочитуван е и делот за учество на јавноста со свои предлози и сугестии, и притоа не е нарушен принципот и праксата од минатите години, како и било кој законски пропис кој е во врска со објавата.
Снежана Клинчарова дополни дека како тело мора да внимаваме да не се мешаме во уредувачката политика, а во делот на самата објава најважно е само да се запазат законски утврдените рокови за објава.Клинчарова во продолжение посочи дека пракса е години уназад Предлог програмата за работа на МРТ за 2020 година на МРТ да се концепира и составува на уреднички колегиум и после да се доставува на минимум две седници на Програмскиот совет пред да биде испратена до Собранието на РМ во законскиот рок.
Ристе Панов со забелешка дека Предлог програмата за работа на МРТ,била објавена на 06.09.2019 а за тоа советот не бил известен,као и тоа што до Програмскиот совет на разгледување доаѓа на крај од целиот процес,од што испаѓа дека ние како највисок орган на МРТ сме само да кренеме рака на крај за или против.

Заменик Претседателот на советот Ведат Медалија уште еднаш укажа до Заменик Директорот на МРТ и Директор на заеднички служби и администрација во МРТ присутни на седницата,Предлог програмата за работа на МРТ за 2020 година да биде доставена до Програмскиот совет на МРТ навремено, а не како што беше премер некои предходни години на еден ден пред рокот за доставување до Собранието на РМ.

**ТОЧКА4:Разно.**
Претседателката на Програмскиот совет Смилка Јанеска Саркањац побара да се добие Информација по однос на продуцентите и режисерите во МРТ кои не се соодветно ставени во Правилникот за нормирање на работните задачи,а кој беше донесен од страна на Програмскиот совет на предходна седница.
Членот на советот Златко Јанковски побара согласно Правилникот за користење службен мобилен телефон на МРТ, да му се одобри користење службен мобилен телефон, за поефикасно извршување на обврските.

Седницата заврши во 12:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател